# ГЛАСАЈ ЗА

## ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

АРГУМЕНТИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НОВ ЗАКОН ЗА **СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА (ЗСЗД)**



НАЦИОНАЛНА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ ХОМОФОБИЈАТА И ТРАНСФОБИЈАТА

Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија (НМХТ) е мрежа на повеќе од 20 организации и неформални групи кои активно работат на унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето, родовата еднаквост, правата на маргинализираните заедници и младите.

## 1. ВНЕСУВАЊЕТО НА СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ ЌЕ ЗНАЧИ ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ШТО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГИ ИМА ПРЕЗЕМЕНО ПРЕД МЕЃУНАРОДНИТЕ И ПРЕД РЕГИОНАЛНИТЕ ТЕЛА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ЈА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, СОВЕТОТ НА ЕВРОПА И КОМИТЕТИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

ЕУ редовно ѝ забележуваше на РМ дека сексуалната ориентација и родовиот идентитет не се внесени во ЗСЗД и дека Комисијата за заштита од дискриминација е недоволно ефикасна, професионална и независна институција. Во извештајот за 2018 година, Европската комисија препорача да се усвои и да се започне со примена на Нацрт-законот за заштита и спречување од дискриминација, и другите закони да се хармонизираат со него.[1]

## 2. ЛГБТИ-ЛУЃЕТО СЕ ЕДНА ОД НАЈРАНЛИВИТЕ ГРУПИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

- Македонските граѓаните се релативно толерантни на живеење во соседство на различни групи. **Исклучок е имањето сосед хомосексуалец, каде што просечната оцена на комоција е 4, на скала од 1 до 9.**[2]
- За македонските граѓани **хомосексуалците се една од најмалку прифатливите групи сограѓани (31,7%).**[3]
- **100% од испитаните транслуѓе биле жртви на различни форми на дискриминација**, и тоа на потешки облици, каква што е продолжената и повеќекратна дискриминација.[4]
- **36,8% од ЛГБТИ-луѓето претрпеле дискриминација на работното место, 39% дискриминација при користењето на правата од социјалната заштита, а 30,77% претрпеле дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет при пријавување на случаи во полициска станица.**[5]
- Од 2015 година до денес членките на НМХТ имаат документирано **144 случаи на повреда на правата на ЛГБТИ-луѓето поради нивната сексуална ориентација и поради родовиот идентитет.** Во повеќето случаи се работи за дискриминација, говор на омраза или насилство од омраза.

## 3. ОД 2005 ГОДИНА ДО ДЕНЕС ДОНЕСЕНИ СЕ ОСУМ ЗАКОНИ ОД РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ, КОИ ЈА ВКЛУЧУВААТ СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА КАКО ДИСКРИМИНАЦИСКА ОСНОВА, ПА ЛОГИЧНО Е ЗСЗД, КАКО СЕОПФАТЕН ЗАКОН ЗА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ДА ГИ СОДРЖИ СИТЕ ОСНОВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА.

**Сексуалната ориентација ја има во следниве закони:**

- Закон за јавно здравје, во делот што се однесува на постапката на Институтот за јавно здравство и центрите, член 16;
- Закон за високото образование, во делот што се однесува на процедурите и барањата за упис на студии, член 108;
- Закон за заштита на правата на пациентите, во делот за правата на пациентите, член 5;
- Закон за семејството, во делот за жртвите на трговија со луѓе и нивните семејства, член 177-л;
- Закон за основање на Национална агенција за образовни програми и мобилност, во делот за програмата: Млади во акција, член 7 и 8;
- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во делот на аудиовизуелните комерцијални комуникации, член 53;
- Закон за работните односи, каде што со членот 6 се забранува дискриминација врз основа на „полова насоченост“, што може да се смета како дискриминаторска терминологија, која се однесува само на сексуалниот чин, не вклучувајќи ги сите аспекти што ја сочинуваат сексуалната ориентација.



**36,8%** од **ЛГБТИ** луѓето претрпеле дискриминација на работното место

---

1 The former Yugoslav Republic of Macedonia 2018 Report, EUROPEAN COMMISSION, Strasbourg, 17.4.2018

2 Барометар за еднакви можности, Јасмина Михаиловска; Миша Поповиќ. 2013 Скопје МЦМС

3 ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА, ИДЕНТИТЕТИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, ФООМ, 2017 (во ракопис)

4 Истражување во заедницата „Трансродовото искуство: идниттети, тела, насилство и социјализација“, Славчо Димитров, Коалиција Маргини, 2018 година.

5 Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во областа на социјалната заштита, правните услуги и полициското постапување. Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија - ЛГБТИ Центар за поддршка

## 4. КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НЕ ГИ ИСПОЛНУВА СТАНДАРДИТЕ ЗА НЕЗАВИСНОСТ, СТРУЧНОСТ И ПРОФЕСИОНАЛНОСТ

- Мрежата за заштита од дискриминација ги посочи проблемите со критериумите за избор на комисионери, нивната поврзаност со тогашната владејачка партија и недостигот од знаења и работно искуство во областа.[6]
- Европската комисија и Комитетот за економски, културни и социјални прва препорачаа професионализација на телото и посилни гаранции за политичка и финансиска независност, во согласност со Париските принципи.[7]
- И во очигледни случаи на дискриминација, каде што другите институции и тела за еднаквост утврдиле дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација не утврдила.



**ЕУ редовно забележуваше на РМ дека Комисијата за заштита од дискриминација е недоволно ефикасна, професионална и независна институција.**

### ПРИМЕР 1:

| | Број на претставки за говор на омраза кон ЛГБТИ поднесени од членките на НМХТ во 2017 г.[8] | Утврден говор на омраза/ вознемирување | Не е утврден говор на омраза/ вознемирување | Нема одговор, иако е истечен рокот |
|---|---|---|---|---|
| Комисија за заштита од дискриминација | 6 | 1 | 3 | 2 |
| Совет за етика во медиумите | 6 | 6 | / | / |

### ПРИМЕР 2:

| Број на претставки до КЗД врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, од 2015 година до денес, поднесени од членките на НМХТ | Претставки во кои е утврдена дискриминација | Претставки во кои не е утврдена дискриминација | Претставки за кои сè уште нема одговор, иако е изминат рокот | Претставки за кои Комисијата дала нејасен одговор или ја запрела постапката |
|---|---|---|---|---|
| 18 | 3 | 10 | 2 | 3 |

6 „Сметаме дека со овој состав на Комисијата не се задоволуваат ниту минимум сатандардите за независниост и не се овозможува целосна слобода и достапност за сите групи на граѓани кои сметаат дека се дискриминирани, а особено оние по основ на политичка и етничка припадност." Мрежа за заштита од дискриминација, 13.1.2016 г.

7 Principles relating to the Status of National Institutions (The Paris Principles), Adopted by UN General Assembly resolution 48/134 of 20 December 1993

8 За истите случаи на говор на омраза Коалицијата Маргини поднела претставки и до Комисијата за заштита од дискриминација и до Советот за етика во медиумите

## 5. НЕЕФИКАСНО ТРОШЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ПАРИ НАМЕНЕТИ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

Комисијата во 2011 година, кога започна со работа, одлучувала по 60 претставки, додека во 2017 година – по 59! **Институцијата за седум години работа не успеала да ја добие довербата на граѓаните** и да ја унапреди својата позиција како тело за еднаквост што ги штити граѓаните од дискриминација.

Решавањето на секоја претставка чини премногу скапо, а од друга страна, Комисијата речиси и не спроведува активности за спречување, односно превенција од дискриминација. Членовите на Комисијата добиваат хонорар во висина од две просечни месечни плати (околу 46 000 денари месечно), а во 2017 година решавале за само 59 претставки. **Секој комисионер во 2017 година добил 46 000 денари за да решава по 0,7 претставки месечно!**

## 6. ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА КОМИСИЈАТА ЗНАЧИ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА И СПРЕЧУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА, НО И ЕФИКАСНО И НАМЕНСКО КОРИСТЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Нацрт-законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува целосно реформирање на институционалната поставеност на Комисијата за заштита од дискриминација и на постапката, со цел таа да стане професионално, независно и ефикасно тело за еднаквост.

**Дел од мерките што ќе одговорат на досегашните недостатоци и критики за работата на Комисијата, доколку се соодветно спроведени, се:**

- критериуми за избор на членови: минимум седум години работно искуство од областа на човековите права, од кои пет години во областа на недискриминацијата;
- членовите на Комисијата да имаат статус на именувани лица, кои функцијата ја извршуваат професионално и таа да биде неспоива со извршување на друга јавна функција или функција во политичка партија или работно место;
- комисијата да располага самостојно со користењето, распределбата и намената на средствата за работа;
- зголемување на надлежностите на Комисијата, со поголем фокус на превенцијата од дискриминација;
- скратување на рокот во кој Комисијата е обврзана да даде мислење од 90 на 45 дена;
- овозможување тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (actio popularis);
- ослободување од плаќање трошоци за судски такси на граѓаните што ќе поведат судска постапка за заштита од дискриминација.



Со цел членовите на Комисијата да одговорат соодветно на проширените надлежности и на новата институционална рамка, а особено имајќи ја предвид нестручноста и личните предрасуди на дел од членовите на Комисијата, особено кон различните етнички заедници и ЛГБТИ-луѓето, законот предвидува со денот на влегување во сила да им престане мандатот на членовите на Комисијата за заштита од дискриминација и тие да продолжаат со работа до изборот на нови членови, но не подолго од три месеци.

Контакт: Елена Петровска
Генерален секретар на НМХТ
+38975207187
elena.petrovska@hera.org.mk